01- 244/16
14. 04. 2020

# ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈП ХС ЗЛЕТОВИЦА - ПРОБИШТИП ЗА 2020 ГОДИНА (пречистен текст)



Брана Кнежево

**Пробиштип, Април/2020**

**Содржина на програмата:**

**1. Вовед**

**2. Годишна инвестициона програма за 2020 година**

**2.1 Краток опис на инвестицијата**
**2.2 Планирани извори на средства за инвестиционите активности**
**2.3 Планирани инвестициони активности**

# 1. Вовед

Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица со седиште во Пробиштип е формирано со Одлука на Управниот одбор на ЈП "Студенчица и Злетовица" бр.0201-267 од 14.05.2001 година и Согласноста на Владата на Р. Македонија бр.23-3213/1 од 12.06.2001 година.

Основна цел на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип е да ја отпочне и реализира изградбата на повеќенаменскиот проект ХС Злетовица со што ке се обезбеди:

1. Вода за пиење на над 100.000 жители во општините Пробиштип со Злетово, Штип, Свети Николе, Кратово, Лозово и Карбинци, Фаза 1 - водоснабдување
2. Наводнување на 3.100 ha земјоделска обработлива површина, Фаза 2 - наводнување
3. Обезбедување на околу 48 GWh хидроелектрична енергија преку повеќе хидроцентрали, Фаза 3 - енергетика.

Фаза 1 - водоснабдување од повекенаменскиот проект ХС Злетовица е завршена и реализацијата на оваа фаза се финансираше од кредитот добиен од Јапонската банка за меѓународна соработка, каде на 20.11.2003 година склучен е Договорот за заем меѓу Јапонската банка за меѓународна соработка (JBIC) и Владата на Р. Македонија во износ од 9.689.000.000 јени, што претставува 75% од потребните средства за изградба на Фаза 1 - водоснабдување од ХС Злетовица.

Врз основа на Договорот за реализација на Проектот за подобрување на искористувањето на водата од базенот - сливот на реката Злетовица склучен на 08.12.2005 година помеѓу Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП ХС Злетовица, Владата на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство обезбедува средства за активностите поврзани со проектот кои не можат да се финансираат од заемот (општи административни трошоци, даноци, царини, експропријација на земјиште или друг недвижен имот и други индиректни ставки), како и средства за покривање на недостигот на средства за сервисирање на обврските над приходите што ќе ги остварува ЈП ХС Злетовица - Пробиштип.

Фаза 1 - водоснабдување од повеќенаменскиот проект ХС Злетовица е завршена и е ставена во функција, така што сирова вода се испорачува до општините Пробиштип и Свети Николе, а во 2020 година се очекува да се отпочне со испорака на сирова вода и до општините Штип, Карбинци и Лозово.

За дозавршување на Фаза 1 – водоснабдување од ХС Злетовица во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година се одобрени 89.535.000,00 денари со што би се остварила проектираната цел од Хидросистемот Злетовица да се снабдуваат со вода за пиење општините Пробиштип со Злетово, Штип, Свети Николе, Лозово и Карбинци.

На 30.09.2011 година потпишан е Договор за финансирање (грант) помеѓу Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП ХС Злетовица за Техничка поддршка на проектот ХС Злетовица за производство на електрична енергија и наводнување во износ од 61.500.000,00 денари (1.000.000,00 евра).

По реализираниот меѓународен тендер за избор на консултантска куќа за изработка на техничката документација за Фаза 2 и Фаза 3 од проектот Хидросистем Злетовица, за најповолен понудувач беше избран Конзорциумот SWECO AQYA HUDRO со кој Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП ХС Злетовица - Пробиштип како клиенти на 25.07.2012 година склучија Договор за консултантски услуги за

изработка на техничка документација за Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - производство на електрична енергија.

Се очекува во текот на 2020 година банката ЕИБ да биде целосно одобрена техничката документација за Фаза 2 и Фаза 3 и да бидат исплатени остатокот од средствата од грантот.

Се очекува во 2020 година да се обезбедат кредитни средства за финансирање на реализацијата на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - производство на електрична енергија, да се распише меѓународна тендерска постапка за избор на изведувач на Фаза 2 -наводнување и Фаза 3 - енергетика и да се отпочнат подготвителните работи.

ЈП ХС Злетовица ќе биде во состојба да го сервисира ануитетот и каматата од јапонскиот кредит само по реализација на Фаза 2 и Фаза 3 од проектот Хидросистем Злетовица, односно по целосното завршување на сите три фази.

Од овие причини ЈП ХС Злетовица со Министерство за финансии склучи Договор за заем, согласно кој Министерството во име на ЈП ХС Злетовица ќе ги плаќа ануитетите и каматата од јапонскиот кредит до 2028 година, а ЈП ХС Злетовица - Пробиштип од 2029 до 2038 година овие средства на име бескаматен заем ќе ги враќа на Министерство за финансии.

# 2. Годишна инвестициона програма за 2020 година

## 2.1 Краток опис на инвестицијата

Годишната инвестициона програма за 2020 година се однесува на дореализација на Проектот ХС Злетовица со останатите две фази, и тоа:

Фаза 2 - наводнување на 3.100 ha земјоделска обработлива површина во општина Пробиштип

Фаза 3 - енергетика односно обезбедување на околу 48 GWh хидроелектрична енергија преку повеќе хидроцентрали.

Во моментот се изработува техничка документација за двете фази од страна на консултантот SWECO AQYA HUDRO која се плаќа од одобренен грант од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) во вредност од 1.000.000 евра. Изработката на техничката документација се очекува да заврши во првата половина од 2020 година.

Овие две фази од Проектот ХС Злетовица се потенцијални проекти од причина што изработката на техничката документација од консултантот SWECO AQYA HUDRO е во завршна фаза, а кредит за нивна изградба сеуште не е обезбеден.

## 2.2 Планирани извори на средства за инвестиционите активности

Средствата за реализација на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип за 2020 година ќе се обезбедат од два (2) извора во вкупен износ од **65.155.000,00 денари** прикажани во Табела 1:

Табела 1

| **реден број** | **Планирани извори на финансиски средства** | **Вкупно (мкд)** |
|---|---|---|
| **1** | Буџет на Република Македонија | 3.655.000 |
| **2** | Кредит од ЕИБ за реализација на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика од ХС Злетовица | 61.500.000 |
| | **Вкупно** | **65.155.000** |

1. **Буџетот на Република Македонија**
   Со Буџетот на Република Македонија за 2020 година за Проектот ХС Злетовица одобрени се вкупно 10.000.000,00 денари од кои **3.655.000,00 денари** за инвестициони активности за Фаза 2 – наводнување и Фаза 3 – енергетика односно за целосно комплетирање на ХС Злетовица и 5.700.000,00 денари (прикажани како приход во Финансискиот план на ЈП ХС Злетовица за 2020 година) ќе бидат наменети за тековно работење на Јавното претпријатие.

2. **Кредит од ЕИБ**
   Со Буџетот на Република Македонија за 2020 година за Проектот ХС Злетовица се планирани и кредитни средства за Фаза 2 – наводнување и Фаза 3 – енергетика во износ од **61.500.000,00 денари**, кои во моментот реално не се обезбедени. Овие кредитни средства се планира да се обезбедат од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) со потпишување договор за кредит во текот на 2020 година. Износот на кредит од 61.500.000,00 денари на позицијата Расходи од заеми во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година е планиран од Министерството за финансии и ЈП ХС Злетовица - Пробиштип мора да го планирана во Годишната Инвестициона Програма за 2020 година.

## 2.3 Планирани инвестициони активности

Од обезбедените 3.655.000,00 денари буџетски средства се планирани припремни активности кои се предуслов за почеток на градежните работи за реализација на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица. Приоритет од овие активности е даден на изработката на Елаборати за експропријација за Фаза 2 и Фаза 3, еднократно испитување на квалитетот на водите и почвата и изработка на Елаборат за за четири сезони пред градежен мониторинг на биолошката разновидност.

Од кредитните средства кои треба да се обезбедат во текот на 2020 година се планирани градежните работи за реализација на инвестицијата.

Инвестициските активности аналитички се прикажани во наредната Табела 2:

Табела 2

| Ред. бр. | Планирани инвестициони активности | Вкупно (мкд) | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| ***1*** | ***Припремни работи за реализација на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика*** | ***3.655.000*** | ***Буџет на РСМ*** |
| 1.1 | Елаборати за експропријација | 2.300.000 | Буџет на РСМ |
| 1.2 | Надомест за експропријација на имот | 10.000 | Буџет на РСМ |
| 1.3 | Трошоци за проценители за експропријација | 10.000 | Буџет на РСМ |
| 1.4 | Трошоци за археолошки истражувања | 10.000 | Буџет на РСМ |
| 1.5 | Консултански услуги и надзор на градба на објекти | 10.000 | Буџет на РСМ |
| 1.6 | Дозволи за градба | 10.000 | Буџет на РСМ |
| 1.7 | Еднократно испитување на водите од реките: Коритница, Киселичка, Лезовска и Злетовица (под пресек со цевководот за наводнување) за да се види состојбата пред градење, следење на контаминацијата во тек на градба и потоа | 95.000 | Буџет на РСМ |
| 1.8 | Еднократно испитување на квалитетот на почвите низводно од река Злетовица (две точки од с. Бучиште до с. Гајранци), локација до река Киселичка (една точка), долна зона за наводнување (една точка) и горна зона за наводнување (една точка) | 310.000 | Буџет на РСМ |
| 1.9 | Изработка на Елаборат за четири сезони предградежен мониторинг на биолошката разновидност (копнена и акватична) во целата проектна област | 900.000 | Буџет на РСМ |
| ***2*** | ***Градежни работи за реализација на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика од ХС Злетовица*** | ***61.500.000*** | ***Кредит од ЕИБ*** |
| | **Вкупно** | **65.155.000** | |

1. **Припремни работи за реализација на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика со вкупна вредност од 3.655.000 денари**

**1.1 Елаборати за експропријација**

Овие средства ќе се користат за изработка на Елаборати за експропријација за Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица кои се услов за отпочнување на постапката за експропријација.

Планирани средства за оваа намена: **2.300.000,00 денари.**

**1.2 Надомест за експропријација на имот**

Средствата за надомест за експропријација на земјиште за Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица ќе се исплаќаат врз основа на склучени спогодби со сопствениците на земјиштето.

Планирани средства за оваа намена: **10.000,00 денари.**

**1.3 Трошоци за проценители**

Овие средства ќе се користат за ангажирање на проценители кои ќе вршат проценка на земјиштето и насадите, кои се опфатени со експропријацијата за изградба на објектите од Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица.

Планирани средства за оваа намена: **10.000,00 денари.**

**1.4 Трошоци за археолози**

Овие средства ќе се користат за уредување на археолошките локалитети (евидентирано културно наследство) доколку се загрозено со изградбата на објектите од Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица, а се врз основа на претходно склучени договори со надлежните институции за заштита на културното наследство.

Планирани средства за оваа намена: **10.000,00 денари.**

**1.5 Консултански услуги и надзор на градба на објекти**

Во согласност со препораките од банката ЕИБ потребно е да се ангажира независна консултанска куќа со меѓународно искуство која ќе ја следи динамиката на припрема на техничата документација до започнување на тендерската постапка и напредокот на градбата на објектите од двете фази.

Планирани средства за оваа намена: **10.000,00 денари.**

**1.6 Дозволи за градба на објекти**

Во согласност со Законот за градење потребно е добивање на соодветни дозволи за градба за кои се плаќа одреден паричен надомест.

Планирани средства за оваа намена: **10.000,00 денари.**

**1.7 Еднократно испитување на водите од реките: Коритница, Киселичка, Лезовска и Злетовица (под пресек со цевководот за наводнување) за да се види состојбата пред градење и следење на контаминацијата во тек на градба и потоа**

Согласно насоките од страна на Европска Инвестициона Банка (ЕИБ) и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од изградба на сиситем за наводнување и хидроелектрични централи во Хидросистем Злетовица пред отпочнување со изградба на двете фази потребно е да се направи еднократно испитување на водите од реките со цел да се види нивната состојбата и дали ќе се наруши квалтетот на водата со изградбата на овие фази. Планирани средства за оваа намена: **95.000,00 денари.**

**1.8 Еднократно испитување на квалитетот на почвите низводно од река Злетовица (две точки од с. Бучиште до с. Гујновци), локација до река Киселичка (една точка), долна зона на наводнување (една точка) и горна зона на наводнување (една точка)**

Согласно насоките од страна на Европска Инвестициона Банка (ЕИБ) и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од изградба на сиситем за наводнување и хидроелектрични централи во Хидросистем Злетовица пред отпочнување со изградба

на двете фази потребно е да се направи еднократно испитување на почвите низводно од река Злетовица со цел да се следи состојбата на почвата за да се констатира дали ќе се наруши квалтетот на почвата со изградбата на овие фази.
Планирани средства за оваа намена: **310.000,00 денари.**

**1.9 Изработка на елаборат за четири сезони пред градежен мониторинг на биолошка разновиднсот (копнена и акватична) во целата проектна област**
Согласно насоките од страна на Европска Инвестициона Банка (ЕИБ) и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од изградба на сиситем за наводнување и хидроелектрични централи во Хидросистем Злетовица пред отпочнување со изградба на двете фази потребно е да изработи елаборат за четири сезони на мониторинг на биолошка разновидност со цел да се анализира состојбата во овој регион.
Планирани средства за оваа намена: **900.000,00 денари.**

**2. Градежни работи за реализција на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица**
Градежните активности за реализација на Фаза 2 и Фаза 3 ќе започнат по изработка на техничка документација и по обезбедување на кредит.
Планирани средства за оваа намена: **61.500.000,00 денари.**

Трошењето на финансиските средства од Годишна инвестициона програма за 2020 година временски по тромесечја се прикажани во наредната Табела 3:

Табела 3

| рб | Планирани активности во 2020 година | Тромесечје | | | | Вкупно (мкд) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | |
| *1* | *Припремни работи за реализација на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика* | | | | | |
| 1.1 | Елаборати за експропријација за Фаза 2 и Фаза 3 | | 2.300.000 | | | 2.300.000 |
| 1.2 | Надомест за експропријација на имот за Фаза 2 и Фаза 3 | | | | 10.000 | 10.000 |
| 1.3 | Трошоци за проценители | | | 10.000 | | 10.000 |
| 1.4 | Трошоци за археолози | | | 10.000 | | 10.000 |
| 1.5 | Консултански услуги и надзор на градба на објекти | | | | 10.000 | 10.000 |
| 1.6 | Дозволи за градба за Фаза 2иФаза 3 | | | | 10.000 | 10.000 |
| 1.7 | Еднократно испитување на водите од реките: Коритница, Киселичка, Лезовска и Злетовица | | 95.000 | | | 95.000 |
| 1.8 | Еднократно испитување на квалитетот на почвите низводно од река Злетовица | | 310.000 | | | 310.000 |
| 1.9 | Изработка на Елаборат за четири сезони предградежен мониторинг на биолошката разновидност | | | 900.000 | | 900.000 |
| *2* | *Градежни работи за реализција на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица* | | | | 61.500.000 | 61.500.000 |
| | **Вкупно инвестициски активности** | | **2.750.000** | **920.000** | **61.530.000** | **65.155.000** |

Пробиштип,
14.04.2020 година

Управен Одбор на ЈП ХС Злетовица
Претседател
Методија Кралевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА" Пробиштип